РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PER CILESI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-101/7
05.08 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 40 седница одржана на 24.06.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Компјутерско хардверско инженерство и електроника", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерско хардверско инженерство и електроника", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240ЕКТС), на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран инженер по електротехника и информацисти технологии од областа компјутерско хардверско инженерство и електроника /во меѓународен промет академски студии назив: Bachelor of science in electrical engineering and information technologies in computer hardware engineering and electronics.

4. Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки
Научно – истражувачко поле: 202 Електротехника поле: 204 Електроника и автоматика поле: 212 Компјутерска техника и информатика поле: 224 Телекомуникациски инженерство
Научно – истражувачка област: 20200 Електротехника, 20201 Електроенергетика, 20202 Теорија на кола, 20203 Електронски кола, 20204 Проводници, индикатори, диелектрици и прекинувачи, 20205 Магнетни материјали и суперпроводници, 20206 Електромагнетика, 20207 Друго 20400 Микробранова техника, 20401 Електронски цевки, 20402 Оптоелектронски ефекти и компоненти, 20403 Микроелектроника
20404 Интегрирана електроника, 20405 Квантна електроника, 20406 Оптоелектроника, 20407 Електронски компоненти, 20408 Материјали за електронски компоненти, 20409 Мерења и

инструменти, 20410 Радиациона инструментација, 20411 Биомедицинска техника, 20412 Звук и ултразвук , 20413 Медицинска електроника 20414 Друго (Електроника, Електрични кола и дигитално процесирање на сигнали), 21200 Архитектура на сметачки системи, 21201 Програмски јазици и технологии, 21202 Информациони системи и мрежи, 21203 Бази на податоци, 21204 Обработка на информации, 21205 Вештачка интелигенција и системи, 21206 Процесирање на податоци, 21207 Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер), 21208 Друго, 22400 Теорија на информации и комуникации, 22401 Антени и простирање на бранови, 22402 Радари и радионавигација, 22404 Радио, ТВ и аудиотехника, 22405 Друго

5. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 120 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 08/195-4 од 27.01.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерско хардверско инженерство и електроника“ , прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08 - 195/11 од 27.01.2022 година (наш бр. 08 - 101/1 од 28.01.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 31-та седницата одржана на 09.02.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 101/6 од 29.07.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 40 та седница одржана на 24.06.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова